

На 28 септември беше осветена новата црква „Св. Константин и Елена“ која се наоѓа во центарот на Скопје. Чинот на ослетувањето го изврши поглаварот на Македонската православна црква-Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) г.г. Стефан во сослужение на голем број свештенослужители, а во присуство на голем број верници и личности од политичкиот и културниот живот, меѓу другото, тој го рече следното:

„Овој храм убавец е радост за сите сетила и со него добиваме уште едно место во кое земјата се сретнува со небото и во кој временото станува вечност, а светите Константин и Елена на кои им е посветен овој молитвен дом, заслужуваат ваква убавина. Но, убавината на храмот не е цел сама по себе, таа, пред се, е водич кон Бог. Архитектурата, фрескописот, иконостасот и црквата служат за да ни помагаат да ги издигнуваме нашите срца кон небесните висини. Молитвените домови не се прават за да ја покажуваме нашата слава, туку за да бидеме близу до Бога, врвејќи го патот на прочистувањето на срцето и просветлувањето на умот. Затоа, не е доволно да ги осветуваме само храмовите, туку треба и ние себе си да се осветуваме во нив, не е

доволно да се воодушевуваме на нивната убавина, туку треба и ние да ги разубавуваме нашите души во нив“, потенцира г.г. Стефан.

По завршувањето на осветувањето, беше соопштено дека МПЦ му доделува Орден на Св Климент Охридски од прв ред на ктиторот Сашо Костовски и неговото семејство, за финансиска помош со која беше доградена црквата.

Инаку, црквата „Св. Константин и Елена“ почна да се гради во ноември 2012 година и во период од 13 години заврши изградбата. Храм е посветен на римскиот император што го признал христијанството, а тоа се Царот Константин Велики и неговата мајка, царицата Елена. За нивните заслуги во признавањето и ширењето на христијанството Светата црква ги прогласила за светители и рамноапостолни, што значи дека тие се рамни на апостолите.

Според историските документи, во времето кога во Рим царувал Диоклецијан, управник на западните римски области бил христољубивиот Констанциј Флор, кој во бракот со света Елена го добил синот Константин. Последниов во историјата толку се прославил, што го добил името Велики. За христијаните тој е првиот благочестив цар кој во 313 година го издал познатиот Милански едикт, со што се прекинал тривековниот прогон на христијаните во Римската империја.

Со Константин почнува една нова, христијанска ера во Римската државна историја, а тоа тој го одбележал со пренесувањето на престолнината од древниот многубожечки Рим, во новиот град Константинопол. Свети Константин го свикал и Првиот вселенски собор во 325 година, на кој црквата ја осуди ереста на Ариј. Изградил многу величествени цркви, посебно во Ерусалим. Пред смртта се крстил, а по смртта црквата го приброи овој цар меѓу своите светила, заедно со неговата мајка Елена.

Затоа е запишано дека царот Константин спаѓа меѓу најзначајните личности во историјата на човештвото, бидејќи по подолго прогонување на христијанството тој е првиот владетел на големата Римска Империја што ја признал оваа вера.Инаку, во првите три века христијанството било жестоко прогонувано, но сепак, бројот на неговите приврзаници постојано се зголемувал.


ΟΙ ΙΣΑΠΟ ΣΤΟΛΟΙ
Ο ΑΠΟΣ ΚΩΝ ΣΤΑΝΤΙ ΝΟΣ
Η ΑΠΟΣ ΕΛΕ ΝΗ

[illegible]



